АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06.02.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 943 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 1, 2, 3 и 5 февруари 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 6 февруари 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

6. **Претходно изречена мерка:**

*Нема*

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 февруари 2015 година, е констатирано дека радиодифузерот во реалното шоу „Ѕвездите на Гранд", реализирано како аудиовизуелна целина составена од - пренос / снимка од натпревар на анонимни изведувачи со талент за музика, и засебен дел наречен - „Ѕвездите на Гранд – специјал" – нема обезбедено превод на македонски јазик, односно **го прекршил член 64 став 3** од Законот (програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите треба да бидат преведени на македонски јазик).

Исто така, на 5 февруари во централното издание на вестите на Канал 5 не е обезбеден превод на македонски јазик на емитуваното интервју со аналитичари од Белград, кои зборуваат на српски јазик, односно радиодифузерот **го прекршил член 64 став 1** од Законот (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо).

**01.02.2015 г.**

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Ѕвездите на Гранд" | 00:00:00 | 00:42:41 | Во реалното шоу „Ѕвездите на Гранд" и засебниот дел наречен - „Ѕвездите на Гранд – специјал" во премиерните изданија не е обезбедено превод на македонски јазик. |
| „Ѕвездите на Гранд - специјал" | 19:34:49 | 21:33:02 | |

**05.02.2015 г.**

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| "Вести" | 18:05:24 | 18:12:28 | За времетраење на интервјуто со аналитичари од Белград кои зборуваат на српски јазик, не е обезбеден превод на македонски јазик. |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на 1 февруари 2015 година, во програмите „Ѕвездите на Гранд" и „Ѕвездите на Гранд – специјал", а на 5 февруари 2015 година, во централното издание на емисијата Вести, не е обезбеден превод на македонски јазик.

## 9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***